Архивски знак: ______
Рок на чување: ______ год.
______ 20___ год.
Потпис,

# ЗАПИСНИК
## за извршен инспекциски надзор
**Ип 1 бр. 57-1**
**Датум: 28.01.2022 година**

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Здружение за култура, хумор и филм „Хитрат“, с. Лавце, Тетово |
| Седиште/адреса на субјектот | |
| Адреса за е-пошта | |
| Телефон | |
| Матичен број на субјектот | |
| Даночен број на субјектот | |
| Број на жиро сметка | |
| Банка депонент | ТТК Банка |
| Одговорно лице во субјектот на надзорот: | |

| Име и презиме: | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| претседател на Здружението | | |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | <u>2. ВОНРЕДЕН</u> | 3. КОНТРОЛЕН |
|---|---|---|---|
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 26.01.2022 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 13.00 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 27.01.2022 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 15.00 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Службени простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура **(во натамошниот текст: СУИН на МК)** | | |
| Главна дејност на субјектот на надзорот | / | | |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| Адреса на објектот каде се врши надзорот | Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на: Наредба од раководителот на СУИН на МК, ИП 1 бр. 57-1 од 10.01.2022 г., а во врска со иницијативите од Секторот за дејности од областа на културата и уметноста на МК, бр. 44-9216/63 од 23.09.2021 г. и бр. 44-9216/63 од 06.12.2021 година.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: виш инспектор во Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура (во натамошниот текст: СУИН на МК).

5) Предмет на вонредниот инспекцискиот надзор е спроведувањето на обврските од член 68 од Законот за културата („Сл. весник на РМ“ бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), односно наменското користење на авансно преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во износ од 210.000 денари (од вкупно доделените 300.000 денари), согласно со Договорот бр. 18-10669/1 од 29.09.2019 г., како и постапување по обврската во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот, на соодветен образец до МК, да биде доставен наративен и финасиски извештај за неговата реализација.

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор не се употребени листи за проверка од причина што станува збор за вонреден инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, не беше присутно одговорното лице во субјектот на надзорот:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| | / | / |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, беше присутно лицето кој што е еден од сопствениците на Здружението и кој што е потписник на Договорот. Присутно беше и лицето

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, ги презентираше целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

10) При инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:

- По поднесената Пријава бр. УП1 18-448 од 30.08.2019 г. на годишниот конкурс за финансирање проект за манифестацијата „Нов културен бран" во 2019 г., со Решение на министерот за култура УП1 бр. 18-448 од 19.9.2019 г., прифатен е проектот на Здружението: подготовка на театарска претстава - комедија „Ништо ново на југ", а за финансирање на проектот доделени се средства во износ од 210.000 денари.

- Врз основа на Решението на министерот за култура, склучен е Договор бр. 18-10669/1 од 29.9.2019 г., за учество во финансирање на проект од манифестацијата „Нов културен бран" за 2019 г., со кој што се одобрени 300.000 денари, наменети за реализација на проектот - подготовка на театарска претстава - комедија „Ништо ново на југ". На 03.10.2019 г., Здружението доставило Барање за исплата на финансиски средства, заведено во МК под бр. 18-10662/2, со Изјава за наменско користење на одобрените средства, со образац за оперативен и финансиски план (којштo е составен дел од Договорот со МК, согласно со член 2 став (2)) во прилог. Притоа, во доставениот Оперативен и финансиски план е наведено дека театарската престава ќе биде одржана во НУ-Центар за култура „Иљо Антески - Смок", Тетово, додека предвидено е одобрените средства за проектот од вкупно 300.000 денари да бидат потрошени за авторски хонорари по склучени договори и тоа 40.000 денари за [redacted] сценарист, 45.000 денари за [redacted] актер, 160.000 денари за [redacted] актер и режисер и 40.000 денари за [redacted] актер и одговорно лице во Здружението, како и 15.000 денари за печатење на пропаганден материјал (флаери, покани, постер и плочи), по ф-ра бр. 05/19 од 03.11.2019 г., за печатење на маркетинг материјал без да биде наведена количина, издадена од Друштвото за производство на филмови и видеофилмови „Визиони Плус", Тетово. Авториските договори се склучени помеѓу [redacted] горенаведените лица како учесници во Проектот.

- Врз основа на Решение за преведување на средства на министерот за култура бр. 18-10669/3 од 12.11.2020 г., МК на жиро сметката на Здружението, превело средства од Буџетот на РСМ, во износ од 210.000 денари, како аванс за реализација на проектот.

- До надлежниот Сектор во МК **не е доставен образец за финансиски извештај за реализација на проектот**, што не е во согласност со обврската од членот 68 став

(3) од ЗК, како и член 5 став (1) од Договорот со МК, во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот, на соодветен образец до МК да биде доставен извештај за реализација на проектот со наративен приказ за реализација на истиот, спецификација за вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури, банковни изводи, конечен финасиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финасирање.

- На денот на инспекцискиот надзор, присутното лице не ја презентираше бараната сметководствена документација од која ќе се утврди како се потрошени преведените средства во износ од 210.000 денари. Исто така, присутното лице на увид не презентираше фотографии или пак било каков снимен материјал од одржаната претстава, а не презентираше ниту рекламен материјал за промоција на театарската престава и покрај тоа што во оперативниот и финасиски план Здружението побарало средства и за таа намена.
При надзорот, присутното лице даде изјава на записник дека преведените средства сеуште се на жиро сметката за Здружението но не презентираше доказ за тоа (банковен извод), како и дека преставата била реализирана во месец Октомври 2019 година во НУ-Центар за култура „Иљо Антески - Смок", Тетово без публика, а заради почитување на протоколите за заштита од КОВИД 19, иако во тој период пандемијата од овој вирус не беше ни започната. Од тие причини, инспекторот се обрати до НУ-Центар за култура „Иљо Антески - Смок" со писмен допис преку електронска пошта со цел институцијата и одговорното лице во тоа време да потврдат дали воопшто се одржала предметната престава. Според изјавите на одговорните вработени лица во институцијата дадени телефонски, во просториите на Центарот не била оддржана оваа тетарска претстава. Дополнително од страна на институција со Допис бр. 0302-43/2 од 28.01.2022 г., беше потврдено дека во периодот од м. Септември заклучно со м. Декември 2019 година, не е склучен договор за закуп на простории или друг вид договор за соработка со ова Здружение.

- Оттука, при надзорот е утврдено дека **проектот - подготовка на театарска претстава - комедија „Ништо ново во југ"** **во рамки на манифестацијата Нов културен бран 2019 година, не е реализиран**, односно не е изведена тетарската престава-комедија **„Ништо ново на југ"**, во месец октомври 2019 година во НУ-Центар за култура „Иљо Антески - Смок", Тетово, како што е наведено во Оперативниот и финансиски план, којштo е составен дел од Договорот со МК. Од страна на инспекторот му е укажано на присутното лице дека согласно со член 3

став (1) од Договорот со МК, Здружението било должно да го реализира проектот заклучно со 15.11.2019 година, додека, согласно со член 3 став (4) од Договорот, целосното исплаќање на средствата ќе се изврши по реализацијата на проектот и по доставување на извештај за потрошените **средства што во конкретниов случај не е сторено..**

Горенаведеното не е во согласност со член 66 став (1) од Законот за културата, според кој проектите избрани на годишните конкурси треба да се реалзираат до крајот на тековната година (во случајот, 2019 година), додека, согласно со член 66 став (2) од Законот, ако проектот не биде завршен до крајот на тековната година, носителот на проектот е должен да ги врати на Министерството за култура средствата добиени на конкурсот.

- Во однос на обврската од членот 68 став (3) од ЗК, како и член 5 став (1) од Договорот со МК, во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот, на соодветен образец до МК да биде доставен наративен и финасиски извештај за неговата реализација, при надзорот е утврдено дека Здружението не доставило Наративен и финансиски извештај за реализација на проектот.

.

**Врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор, констатирана е следната неправилност во работењето на субјектот на надзорот, за што ќе биде преземена соодветна мерка:**

- **Проектот - подготовка на театарска претстава - комедија „Ништо ново во југ" во рамки на манифестацијата Нов културен бран 2019 година, не е реализиран, што не е во согласност со член 66 став (1) од Законот за културата (според кој проектите избрани на годишните конкурси треба да се реалзираат до крајот на тековната година), односно, не е во согласност со член 3 став (1) од Договорот со Министерството за култура, бр. 18-10669/1 од 29.9.2019 г., (според кој Здружението имало обврска да го реализира проектот заклучно со 15.11.2019 година).**

- **За утврдената неправилност од аспект на примена на член 66 став (1) од Законот за културата, како и член 3 став (1) од Договорот, инспекторот ќе преземе инспекциска мерка: ќе биде донесено решение со опомена со коешто субјектот на надзорот, односно Здружението ќе биде опоменато во определен рок да ја отстрани утврдената неправилност, односно, да постапи согласно со член 66 став (2) од Законот за културата, согласно со**


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

**којшто, ако проектот не биде завршен во рокот утврден со Договорт, носителот на проектот е должен да ги врати на Министерството за култура средствата добиени на конкурсот.**

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор:<br><br>сопственик и претседател | | Печат и потпис на инспекторот за култура:<br><br>виш инспектор | |
| Датум: | 10.02.2022 г. | Датум: | 28.01.2022 г. |



Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk